Врз основа на член 24 и член 13-а од Законот за Просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Р.М. " број 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12 и 55/13, 163/13 и 42/14), член 24 став 1 точка 23 од Статутот на Општина Ѓорче Петров („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров" бр.5/06) и донесената Програма За урбано планирање (Ф) на Општина Ѓорче Петров за 2015год.со број 07-4498/12 од 30.10.2014 и донесената Одлука За Изменување и дополнување на Програмата за урбанистичко планирање (Ф) на Општина Ѓорче Петров за 2015год.со број 08-182/8 од 30.01.2015, **Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров - Скопје го дава следното:**

## СООПШТЕНИЕ

Се известуваат граѓаните и правните лица од просторот, со дефиниран плански опфат за **Предлог Деталниот урбанистичкиот план за една градежна парцела (7.7) во Деталниот урбанистичкиот план за Градска четврт СЗ 03, Општина Ѓорче Петров-Скопје, донесе Одлука за организирање на:**

## Јавна презентација и Јавна анкета

**По Предлог Деталниот урбанистичкиот план за една градежна парцела (7.7) во Деталниот урбанистичкиот план за Градска четврт СЗ, Општина Ѓорче Петров - Скопје,** со следните граници на плански опфат:

- На **Североисток** - по границата на ГП 7.7 односно по пешачката патека, улица 20 и границата на ГП 7.8 и ГП 7.11;
- На **Северозапад** - по границата на ГП 7.7 односно по пешачката патека;
- На **Југоисток** – по осовината на улица „Тиранска"; и
- На **Југозапад** - по осовината на улица 1;

**Големината планскиот опфат изнесува 0,3 ха**

- **Планот ќе биде изложен во просториите на УЗ "Даме Груев", во период од 5 работни дена.**
- **Јавната анкета ќе трае од 23.02.2015 до 27.02.2015 - 5 работни дена,** сметано од објавата во Јавните гласила „Нова Македонија" и "Утрински весник", **секој работен ден од 08.00 - 16.00 часот**. Планот ќе биде објавен и на веб сајтот на Општината **www.opstinagpetrov.gov.mk**
- **Стручна расправа по Предлог Деталниот урбанистичкиот план за една градежна парцела (7.7) во Деталниот урбанистичкиот план за Градска четврт СЗ 03 , Општина Ѓорче Петров - Скопје, ќе се одржи на 26.03.2014 (четврток) во 14 часот,** во просториите на **УЗ "Даме Груев".**
- **Јавната презентација на планот ќе се одржи на 26.03.2014 (четврток) во 15 часот,** во просториите на **УЗ "Даме Груев.**

Анкетни листови за учество во јавната анкета можат да се подигнат во просториите на УЗ "Даме Груев. Во определениот рок заинтересираните правни и физички лица од конкретното подрачје опфатено со Планот можат да доставаат писмени забелешки на анкетните листови.

**Број** 03-519/2
20.02-**2015 год.**
**Скопје**

Општина Ѓорче Петров
**Градоначалник,**
**Сокол Митровски**

Република Македонија Општина Ѓорче Петров Скопје